ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански“ бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# КЛАСА 13 - ОПШТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ

e-mail: info@zoil.mk | www.zoil.mk

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 13 - ОПШТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ

## Основни дефиниции

1. Сметководствени работи се прибирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи, подготовка и водење на трговски/ деловни книги и составување на годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со закон;
2. Обврзник за водење сметководство е физичко или правно лице кое има обврска да води трговски/деловни книги и да составува и презентира годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со закон;
3. Сметководител е физичко лице кое има уверение за сметководител од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и кое е регистрирано во Регистарот на сметководители согласно законот;
4. Овластен сметководител е физичко лице кое има уверение за овластен сметководител од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и кое е регистрирано во Регистарот на овластени сметководители согласно со овој закон;
5. Трговец поединец - сметководител е физичко лице коеерегистрирано согласно со Законот за трговските друштва за вршење на сметководствени работи, има добиено уверение за сметководител и лиценца за работа од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и е регистрирано во Регистарот на трговци поединци - сметководители согласно со овој закон;
6. Трговец поединец - овластен сметководител е физичко лице кое е регистрирано согласно со Законот за трговските друштва за вршење на сметководствени работи, има добиено уверение за овластен сметководител и лиценца за работа од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и е регистрирано во Регистарот на трговци поединци - овластени сметководители согласно со овој закон;
7. Друштво за вршење сметководствени работи е трговско друштво кое е регистрирано согласно со Законот за трговските друштва за вршење на сметководствени работи, има добиено лиценца за работа од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и е регистрирано во Регистарот на друштва за вршење на сметководствени работи согласно законот;
8. Вршител на сметководствени работи е сметководител и/или овластен сметководител;

### Член 1

Предмет на осигурување во смисла на овие Услови е законската одговорност на сметководители за штети кои ќе ги причинат Сметководители трговеци поединци , Трговци поединци овластени сметководители и Друштва за вршење на сметководствени работи (во понатамошен текст смектоводители), при изготвување на финансиски извештаи во согласност со Законот.

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Со осигурувањето е опфатена одговорноста на сметководителите за штета која ќе ја причинат на правно лице или претприемач, чие седиште е на територијата на Република Северна Македонија

**Член 2**

Сметководствени работи се прибирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи, подготовка и водење на трговски/ деловни книги и составување на годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со законската, професионалната и интерна регулатива;

Обврзник за водење сметководство е физичко или правно лице кое има обврска да води трговски/ деловни книги и да составува и презентира годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со Законот;

**Член 3**

Со осигурувањето по ови Посебни Услови не се опфатени штети поради пропусти при обавување на сметководствените работи, кои биле познативо времето на склучување на договорот за осигурување.

Пропуст при обавување на сметководствени работи од став 1. Од овој член се смета за познат, кога осигуреникот сам ќе го утврди или за него дознае, а сеуште не е поднесено ниту најавено одштетно побарување од правно лице Обврзник за водење сметководство.

Во случај на сомнеж, ќе се смета, дека пропустот е настанат оној ден, кога некоја од пропишаните активности трбало да биде превземена, за да се спречи настанување на штета.

**Член 4**

Сума на осигурување, со одбиток на франшизата, претставува максимална обврска на осигурувачот за еден штетен настан и во вкупен износ.

**Член 5**

Во смисла на овие Посебни услови, се смета дека настанал осигурениот настан кога едно или повеќе дејствија или пропусти на осигурениците кои предизвикале штета на правното лице или претприемач при извршувањето на работи од областа на сметководство во согласност со законот, стандардите и правилата на професијата.

**Член 6**

Обвсрската на Осигурувачот почнува по истекот на 24 часа од денот на потпишувањето на полисата или листот на покритие.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Член 7**

Премијата за осигурување се пресметува однапред, за една година.

**Член 8**

Премијата за осигурување се плаќа однапред или во договорените рокови. Ако премија не е платена на договорениот начин, Осигурувачот има право на затезна камата од датумот на доспевање до датумот на плаќање.

Премијата се смета за платена на датумот кога Осигурувачот ќе ја дабие на својата сметка.

Кога Договорувачот на осигурувањето ќе ја исполни својата обврска за исплата на премија, во целост или делумно, има право да бара од Осигурувачот да му издаде потврда за исплата на премија.

**Член 9**

Осигуреникот е во обврска да ја пријави штетата во рок од 3 (три) дена од денот на настанување на осигурениот настан, односно од датумот кога дознал за штетата и бил во можност да ја пријави.

Осигуреникот е должен, без оглед на датумот на кој ја поднел пријавата за штета, на претставникот на Осигурувачот да му ги обезбеди сите податоци и други докази кои се потребни за да се утврдат причините, обемот и висината на штетата. Осигурувачот го задржува правото да бара од Осигуреникот да прибави и други докази, ако тоа е нужно потребно и оправдано.

Осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот и тогаш кога барањето за надокнадување на штета против него е поднесено судски, кога е во притвор, како и во случај кога ќе се покрене процес за обезбедување на докази.

Ако е извршен увид, покрената тужба или е донесена одлука во кривична постапка, Осигуреникот е должен веднаш да го извести Осигурувачот, и тогаш кога веќе го пријавил настанувањето на штетниот настан. Тој исто така должен да достави наод до надлежниот орган во врска со штетниот настан.

Осигуреникот не е овластен, без претходна согласност од Осигурувачот, да се произнесува по однос на барање за оштета, особено да го признаае потполно или делумно, да се спогоди во однос на барањето за оштета, или да направи исплата, освен ако врз основа на фактичката состојба не можел да го одбие признанието, порамнувањето односно исплатата, а со тоа да не направи очигледна неправда. Ако Осигуреникот во заблуда сметал дека постои неговата одговорност или дека податоците се правилно утврдени, тоа нема да се смета како оправдана околност.

Ако оштетениот поднесе тужба за надокнада на штета против осигуреникот, истиот е должен на осигурувачот да му достави судска покана, односно тужбата и цела документација во врска со штетниот настан и барањето за исплата на штета, како и водењето на спорот да му го препушти на осигурувачот на негово барање.

Ако за барање за надомест на штета оштетениот директно му се обрати на Осигурувачот, Осигуреникот е должен да ги обезбеди сите докази и податоци со кои располага, а кои се

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

неопходни за утврдување на одговорноста за настанатата штета и за оценување на основата и обемот и висината на штетата.

Ако осигуреникот не се придржува на обврските од овој Член, ќе ги сноси штетните последици од тоа, освен ако истите би настанале и кога тој би се придржувал на обврските.

**Член 10**

Штета се одредува во согласност со Законот за облигациони односи и се исплаќа максимум до износот утврден во Член 4 од овие Посебни услови.

**Член 11**

Осигурување не се однесува на побарувањата за надомест на Осигуреникот:

1. За смрт или телесна повреда на лица;
2. За оштетување или исчезнување на предмети, вклучувајќи и кражба, освен документацијата која е предмет на сметководството;
3. За штета на имот и лица поради загадувањето на почвата и водата;
4. Поради договорното проширување на одговорностите на Осигуреникот и во случаите кога по закон не е одговорен;
5. Предизвикани директно или индиректно од војна и политички ризици, без оглед на тоа дали е објавена војна или не;
6. Поради непочитување на договорените рокови, ако за тоа е одговорно правно лице или претприемач (Обврзник за водење сметководство), односно негов полномошник;
7. Поради неизвршување на работните активности од областа на сметководство кои се созакон пропишани;
8. Поради намера, измама или проневера на правното лице или претприемач;
9. Во сите случаи каде не може да се утврди одговорноста на Осигуреникот во смисла на позитивната законска регулатива и овие Посебни услови.

**Член 12**

Документација во смисла на овие Посебни услови се сметаат сите видови на документи во оригинал или фотокопии заверени на нотар.

Документацијата во смисла на овие Посебни услови се состои од:

- Книговодствени документи,
- Деловните книги,
- Финансиски извештаи,
- Белешки кон финансиските извештаи.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Член 13**

Ако штетата на правното лице или претприемач е предизвикана од страна на вработени на Осигуреникот, намерно или со пречекорување на овластувањата, Осигурувачот има право на регрес према одговорното лице.

**Член 14**

За она што не е предвидено т.е. регулирано со овие Посебни услови за осигурување од одговорност на сметководители, ќе се применуваат Општите услови за осигурување од одговорност, како и законите на Република Македонија.

**Член 15**

Сите спорови помеѓу Осигурувачот и Осигуреникот во врска со толкувањето на овие услови, нивната валидност, одредбите, обемот на покритие и/или исклучоците ќе бидат решавани пред надлежниот суд во Скопје во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија.

**Член 16**

Овие Посебни услови за осигурување од одговорност на сметководители стапува во сила и се применуваат од денот на донесувањето.

**Член 17**

На осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Условите за осигурување од општа одговорност, до колку не се во спротивност со овие Услови.

**Член 18**

Осигуреникот има право до Агенцијата за супервизија за осигурување како надлежен орган, да достави жалба во однос на друштвото.